Врз основа на член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за гастроентерохепатологија Скопје, како и член 19,22 и 23 од Законот за работни односи, Согласноста за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии број 19-5945/2 од 18.06.2025 година и Одлука бр.04-396/1 од 16.07.2025 година, в.д.Директорот објавува:

**Ј А В Е Н О Г Л А С**

за вработување на неопределено време

ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија Скопје има потреба за вработување на:

**- 1 (едно) лице - болничар на неопределено време**
**- 1 (едно) лице – разнесувач на материјал на неопределено време**
**- 1 (едно) лице - хигиеничар на неопределено време**

1.1. Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **ОПШТИ УСЛОВИ**:

- да е државјанин на Република Македонија
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност (да не е постаро од 6 месеци) и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност (да не е постаро од 6 месеци)

1.2.Кандидатите за **болничар** и **разнесувач на материјал** треба да ги исполнуваат следните **ПОСЕБНИ УСЛОВИ**:

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО , средно образование

- со или без работно искуство

1.3.Кандидатите за **хигиеничар** треба да ги исполнуваат следните **ПОСЕБНИ УСЛОВИ**:

- основно образование
- со или без работно искуство

2. Потребни документи за сите работни места се:

- молба,(со точна адреса на живеење и телефон), со напомена за кое работно место конкурира
- кратка биографија (CV)
- уверение за државјанство на РСМ (оригинал или копија заверена кај нотар)
- доказ за општа здравствена способност (да не е постаро од 6 месеци) (оригинал или копија заверена кај нотар)

- доказ дека не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност (да не е постаро од 6 месеци) (оригинал или копија заверена кај нотар)

2.1.Покрај документите од точка 2 од овој јавен оглас, кандидатите за **болничар**,треба да достават и:

- доказ за завршено Средно образование и тоа Сведителствата од сите 4 (четири) години во кое е наведен успехот што е постигнат во за секоја година посебно (оригинал или копија заверена кај нотар)

2.2.Покрај документите од точка 2 од овој јавен оглас, кандидатите за **хигиеничар**,треба да достават и:

- доказ за завршено Основно училиште (оригинал или копија заверена кај нотар)

3. Рокот за пријавување е 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

4. Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидатите

5. Документите се доставуваат во Архивата на Клиниката или на адреса, ЈЗУ Универзитетска Клиника гастроентерохепатологија Скопје, ул.Водњанска бр.17, Скопје, со назнака: ,,за јавен оглас,, со напомена за кое работно место конкурира

Работно време од 40 часа неделно (понеделник-недела) во смени.

Основна нето плата:

-За болничар изнесува 31.500,00 денари
-За разнесувач на материјал 29.100,00 денари
-За хигиеничар изнесува 27.000,00 денари

***ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА***

***ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ***